Бр./Nr 12-135/1

11-01-2021 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК — KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА — KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), член 36 став 1, член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава за корупција доставена од познат подносител – физичко лице, на 45-та седница, на продолжението на седницата одржано на ден 30 Декември 2020 година донесе

**Одлука**

Постапката покрената по пријавата бр. 12-3072/1 од 11.06.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од познат подносител - ---------------------- од ------------, со која се укажува на сомневања за сторени злоупотреби од Трговското друштво ----------------- - сега ------------------------------------------------ и одговорното лице на друштвото --------------------------- од ------------ СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино понатамошно надлежно постапување во предметот со број 12-3072 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12-3072/1 од 11.06.2019 година.

Предметот со број 12-3072 од 2019 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Примерок од одлуката да се достави до подносителот на пријавата.

**Образложение**

Предметот со број 12 – 3072 од 2019 година е оформен врз основа на пријава бр. 12-3072/1 од 11.06.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од познат подносител – физичко лице од -------------, а со која се укажува на сомневања за сторени злоупотреби од Трговското друштво ------------------------------------ - сега --------------------- и одговорното лице на друштвото ---------------------- од ------------------.

Пријавата за овој пријавен случај содржи наоди за противправно одземање имот – недвижности и парични средства, како и за незаконита продажба и трансформација на општествениот капитал на --------------------------------- од страна на лицето ----------------- од ----------------, во содејство – како што се наведува, со службени лица од надлежните ---------------- и од ----------------------.Воедно се изнесуваат и наводи за нанесена материјална и друг вид штета на подносителот на пријавата, инаку поранешен вработен во правното лице.

Од предметната пријава Државната комисија дојде до сознанија за тоа дека за остварување на своите права подносителот користел правни средства пред надлежните судови при што останува незадоволен од завршниците по истите, како и дека од негова страна -до Основното јавно обвинителство ----------- е поднесена кривична пријава по која, по однос на сомневањата кои ги истакнал, а кои се исти или слични со наводите од предметната пријава, кај ова Јавно обвинителство е оформен премет со број -------------.

Во постапувањето по предметната пријава, а по извршени административни проверки Државната комисија утврди дека по однос на истата фактичка состојба, по пријава од истиот подносител, кај Државната комисија за спречување на корупцијата е оформен и предмет со број 12-2533 од 2019 година за кој заклучи да

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e MaqedonisësëVeriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

биде споен со предметот број 12-3072 од 2019 година и за овие предмети да постапува и да одлучи во единствена постапка.

Заради целосно утврдување на фактичката состојба и проверка на наводите изнесени во посочените две пријави од аспект на нивната веродостојност и основаност Државната комисија презема процесни дејствија – достава на барање за податоци, информации и документација од Основното јавно обвинителство --------------.

Од содржината на одговорот и произнесувањето на Основното јавно обвинителство ------------- доставени до Државната комисија за конкретниот случај Државната комисија констатира дека од ОЈО ---------------- - во предметот ----------------------, преку јавниот обинител кој постапувал, по преземени поголем број дејствија и прибавена релевантна писмена докментација кривичната пријава против лицето -------------------- за кривично дело злоупотреба на службената полжба и овластување вв член 45 од Кривичниот законик, во --------------- година, била отфрлена поради постоење на околност која го исклучува гонењето (пресудена работа). Понатаму, со оглед дека подносителот на кривичната пријава го користел правото на жалба по истата постапувало Вишото јавно обвинителство ----------------- кое жалбата ја одбило како неоснована. Подносителот во конкретниот предмет го користел и правното средство барање за повторување на постапката кое судот го доставил на постапување на ОЈО ------------- при што ова Обвинителство оценило и за тоа и го известило подносителот дека нема законски основ за поднесување барање за повторување на постапката.

Од истиот подносител против истото пријавено лице до ОЈО ------------------- била поднесена и втора кривична пријава, со дополна, по која бил оформен предметот со бр. ------------ и во кој јавниот обвинител утврдил дека за истиот настан се водела постапка во предметот ----------- која постапка е завршена со конечна одлука, па оттаму и било извршено спојување на списите од двата предмети.

Од сите прибавени и расположиви информации за овој пријавен случај Државната комисија констатира дека наводите и сомневањата изнесени од подносителот на пријавата не се потврдуваат и се неосновани, а дека на предметниот случај постапувало надлежното јавно обвинителство кај кое постапката е завршена со конечна одлука.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Одлучено на ден 30 Декември 2020 година под бр. 12- 135 /1**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

Изработил: Х.М., Советник
Одобрил: м-р Шемши Салаи , Член на ДКСК

Доставено до :
- Архива
- Подносител